Амбасадорот гостин на Дипломатска академијата

На 19 декември, амбасадорот Волерс му се придружи на министер Попоски во Дипломатската академија при Министерството за надворешни работи, каде на младите дипломати им зборуваше за лидерство. Амбасадорот истакна неколку важни особини на лидерството, давајќи примери од сопственото воено и дипломатско искуство. Министерот зборуваше за билатералните однос помеѓу САД и Македонија, нагласувајќи го фактот дека двете земји ги делат истите вредности и поздравувајќи ја постојаната поддршка на САД за евро-атлантската интеграција на Македонија. По нивните презентации, уследи жива дискусија со публиката на Дипломатската академија за разни теми од сферата на надворешната политика.

Фото: Амбасадорот Волерс и министерот за надворешни работи Попоски на Дипломатската академија.

Str. "Samoilova" Nr.21 1000 Skopje /Telephone (+389) (2) 310 2000, Fax (+389) (2) 310 2499 E-mail: EmbSkoWebM@mt.net.mk